Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година

Содржина:


- **МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**........................................................................10

- **КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ**..........................................................................17
  - Терестријални телевизии на државно ниво...................................................18
  - Телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс................................28
  - Телевизии на регионално ниво........................................................................37
  - Телевизии на локално ниво..............................................................................45

- **КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ**..................................................................51
  - Радиостаници на државно ниво.......................................................................52
  - Радиостаници на регионално ниво..................................................................58
  - Радиостаници на локално ниво........................................................................65




## ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја изработи оваа анализа за да обезбеди сознанија за состојбите во телевизиската и во радиоиндустријата во 2020 година.

За таа цел, анализирани се податоците за економските перформанси на радиодифузерите (јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните телевизии и радија, како и непрофитните радиодифузери), поточно податоците за вкупните приходи што тие ги оствариле, структурата на приходите, приходите од рекламирање, вкупните трошоци, структурата на трошоците, финансискиот резултат од работењето, како и просечниот број на вработени во редовен работен однос. Овие податоци во Агенцијата ги доставија самите радиодифузери, во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 од Законот за медиуми, и тоа на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата. Валидноста на податоците во обрасците Агенцијата ја проверуваше преку споредба со податоците од завршните сметки на радиодифузерите. И покрај тоа што оваа обврска не важи за јавниот радиодифузен сервис, Македонската радиотелевизија секоја година, на барање на Агенцијата ги доставува податоците, а дополнително Агенцијата како извор го користи и Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија. Податоците се анализирани според релевантните пазари, односно засебно се анализирани податоците за телевизиските станици и радиостаниците, за јавниот сервис и комерцијалните радиодифузери, а од географски аспект засебно се анализирани податоците на релевантните пазари на државно, регионално и локално ниво.

Податоците за просечниот дневен и неделен досег и за уделите на телевизиите во вкупната гледаност, како и податоците за слушаноста на радиостаниците, се обезбедени од редовните квартални истражувања на публиката, што по нарачка на Агенцијата во 2020 година ги спроведуваше истражувачката агенција Индаго од Скопје.

## РЕЗИМЕ

Табела 1: Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени во редовен работен однос |
|---|---|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | | | |
| **Македонска радиотелевизија** | **1,012.19** | **7.13** | **937.72** | **74.47** | **747** |
| **Комерцијални телевизии** | **1,217.88** | **991.08** | **1,327.49** | **-109.92** | **1,005** |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 967.86 | 821.86 | 1,027.60 | -59.79 | 609 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 140.93 | 92.59 | 189.89 | -48.98 | 224 |
| ТВ на регионално ниво | 83.65 | 56.41 | 84.89 | -1.46 | 133 |
| ТВ на локално ниво | 25.44 | 20.22 | 25.11 | 0.31 | 39 |
| **Комерцијални радиостаници** | **152.54** | **104.93** | **150.57** | **0.77** | **185** |
| РА на државно ниво | 53.51 | 31.70 | 53.53 | -0.55 | 45 |
| РА на регионално ниво | 60.84 | 45.02 | 54.33 | 4.03 | 48 |
| РА на локално ниво | 38.19 | 28.21 | 42.71 | -2.71 | 92 |
| **Вкупно** | **2,382.61** | **1,103.14** | **2,415.78** | **-34.68** | **1,937** |

### Број на радиодифузери

Најзначајната промена во однос на програмската понуда, што се случи во анализираната година е тоа што Македонската радиотелевизија во април 2020 година започна со емитување програма на уште три телевизиски канали: МРТ 3 – на кој се емитува забавно-музичка, културна и спортска програма, МРТ 4 – документарна програма и програма на јазиците на етничките заедници (турска, ромска, влашка, српска и бошњачка) и МРТ 5 – на кој се емитува програма наменета за децата.

На почетокот од 2020 година програма емитуваа 49 комерцијални телевизии, 68 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на вкупно пет телевизии и три радиостаници, а беше доделена една дозвола за емитување телевизиска програма.

АВМУ ги одзеде дозволите на телевизиите Кисс[1], Аниса[2] (на двете поради престанок на емитување програма повеќе од 30 дена) и Канал Визија[3] (поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок), а по сила на закон (со писмена изјава дека престануваат да емитуваат програма) престанаа да важат дозволите на Сител 2[4] и ТВ Морис[5]. Во 2020 година беше доделена една дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво – на М Нет-ХД[6] .

Беа одземени три дозволи за емитување радиопрограма, и тоа на: Браво[7], Дрини[8] и МХ[9] (сите три поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок).

На крајот од годината, програма емитуваа вкупно 110 комерцијални радиодифузери (45 телевизии и 65 радиостаници) и четири непрофитни радиостаници.

## Вкупни приходи

Вкупните приходи во индустријата во 2020 година изнесувале 2.382,61 милион денари. Повеќе од половина од нив биле приходите на комерцијалните телевизии – 1.217,88 милиони денари (51,12%). Јавниот сервис остварил приходи во износ од 1.012,19 милиони денари (42,48%), а приходите на комерцијалните радиостаници изнесувале 152,54 милиони денари (6,4%).

---

[1] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ, Тетово (Уп1 Бр.08-562 од 03.01.2020 година)

[2] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница (Уп1 Бр. 08-392 од 11.12.2020 година)

[3] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје (Уп1 Бр. 08-349 од 07.10.2020 година)

[4] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје (Уп1 Бр. 08-535 од 03.01.2020 година)

[5] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид (Уп1 Бр. 08-380 од 21.10.2020 година)

[6] Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво (Уп1 Бр. 08-318 од 21.08.2020 година)

[7] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово (Уп1 Бр. 08-76 од 28.02.2020 година)

[8] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга (Уп1 Бр. 08-80 од 28.02.2020 година)

[9] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ (Уп1 Бр. 08-88 од 05.03.2020 година)

Слика 1: Вкупни приходи во индустријата




Комерцијалните телевизии ги намалиле приходите во споредба со претходната година, а комерцијалните радиостаници и МРТ ги зголемиле.

Слика 2: Движење на вкупни приходи во индустријата




Во структурата на приходите, најзначаен удел имале приходите од рекламирање - 46,30%. Средствата за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РС Македонија учествувале со 35,96%, а останатите 17,74% од вкупните приходи во индустријата биле остварени по други основи.

Слика 3: Структура на приходите во индустријата




## Приходи од реклами во индустријата

Приходите од рекламирање изнесувале 1.103,14 милиони денари. Најголем дел од овој износ оствариле комерцијалните телевизии – 991,08 милиони денари. Комерцијалните радиостаници оствариле 104,93 милиони денари, а МРТ само 7,13 милиони денари. Во споредба со минатата година тие се намалиле за 20,78%.

Слика 4: Приходи од рекламирање во индустријата



## Вкупни трошоци во индустријата

Во 2020 година радиодифузерите заедно потрошиле 2.415,78 милиони денари. Од нив, 1.327,49 милиони денари биле трошоците на комерцијалните телевизии, 937,72 милиони денари на МРТ и 150,57 милиони денари на комерцијалните радиостаници.

Слика 5: Вкупни трошоци во индустријата




Јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните телевизии потрошиле најмалку средства споредено со претходните четири години. Во однос на минатата година, МРТ ги намалила трошоците за 35,59%, а комерцијалните телевизии за 2,69%. Комерцијалните радиостаници во последните пет години најмалку средства потрошиле во 2019 година.

Слика 6: Движење на вкупните трошоци во индустријата



## Финансиски резултат од работењето и број на вработени

Финансискиот резултат од работењето во индустријата во 2020 година бил загуба од 34,68 милиони денари. Негативен финансиски резултат оствариле само комерцијалните телевизии, а комерцијалните радиостаници и јавниот сервис работеле со добивка.

Слика 7: Финансиски резултат од работењето




Просечниот број на вработени во редовен работен однос во текот на годината изнесувал 1937 лица, а на 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени изнесувал 2587 лица, од кои 1960 лица биле во редовен работен однос, а 627 лица биле хонорарно ангажирани.

# Македонска радиотелевизија

Финансирањето на Македонската радиотелевизија е едно од најзначајните прашања во медиумската област што веќе подолго време останува отворено. Иако во изминатите години беа донесени неколку законски измени во врска со ова прашање, сѐ уште не е обезбедено решение кое на македонскиот јавен сервис ќе му овозможи соодветно, сигурно и стабилно финансирање.

И покрај тоа што на прв поглед може да се добие впечаток дека во 2020 година јавниот сервис располагал со повеќе средства отколку во претходните две години, тоа воопшто не е така. Вкупните приходи на МРТ изнесувале 1.012,19 милиони денари и тие се повисоки од претходната година поради тоа што на крајот на месец декември 2020 година, на сметката на јавниот сервис се префрлени 90 милиони денари.

Слика 8: Движење на вкупните приходи на МРТ во последните 10 години




Овие средства се префрлени од Министерството за информатичко општество и администрација согласно „Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите“, што на 16 декември 2020 година ја донесе Собранието на РС Македонија (Службен весник на РС Македонија бр.299/20), а како што е наведено во Финансискиот извештај на МРТ за 2020 година тие се наменети за, *„постигнување на повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој“*. Во истиот Извештај е посочено и дека *“со оглед на фактот што овие средства се добиени на крајот од 2020 година, истите ќе бидат искористени во текот на 2021 година“*.

Доколку се имаат предвид средствата со кои реално располагала МРТ во 2020 година, се забележува дека неколкугодишниот тренд на опаѓање на вкупните приходи продолжил и оваа година.

Дополнително, а за да се добие реална слика, важно е и тоа дека 30 милиони денари од вкупните приходи на МРТ во анализираната година се донација од АВМУ, која беше реализирана во април 2020 година за справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19.

Оттука, јасно е дека ни оддалеку не може да се зборува дека е постигнато било какво солидно решение во врска со финансирањето на јавниот сервис. Ваквата состојба беше посочена и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на РС Македонија за 2020 година, според кој *„Потребни се одржливи решенија за да се обезбеди независност на јавниот радиодифузен сервис, професионални стандарди и финансиска одржливост“*, *„Во наредната година, земјата особено треба: → да даде приоритет на реформите на јавниот радиодифузен сервис, да обезбеди негова финансиска одржливост и независност“.*

Начинот на кој ќе се финансира МРТ е утврден во членот 105 од ЗАВМУ, според кој: *„средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонска Радио Телевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во висина од 0,8% до 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот“*.

Со измените на ЗАВМУ од 2018 година се утврди и колкав дел од државниот буџет ќе се издвојува за финансирање на радиодифузната дејност во периодот што следи, и тоа: за 2019 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,8%, за 2020 година 0,9%, а почнувајќи од 2021 година ќе се издвојува по 1%.

Табела 2: Предвидени средства според ЗАВМУ за финансирање на МРТ

| | 2019<br>во милиони денари | 2020<br>во милиони денари |
|---|---|---|
| Реализирани вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот | 188,513.00[10] | 203,946.00[11] |
| % за финансирање на радиодифузната дејност според ЗАВМУ | 0.8% | 0.9% |
| Износ | 1,508.10 | 1,835.51 |
| Износ за МРТ 74.5% | 1,123.53 | 1,367.45 |

Меѓутоа, со истата законска одредба (член 45 од Законот за изменување и дополнување на ЗАВМУ од 2018 година) се утврди и дека овие проценти *„ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки“.* Оттогаш наваму, ниту еднаш не се исплатени предвидените износи.

Слика 9: Средства од државниот буџет за финансирање на МРТ за 2019г. и 2020г.




И, ако пред две години загриженоста во врска со финансирањето на МРТ беше дали законски предвидените средства се доволни таа да ја исполни функцијата на вистински

[10]Податоците се обезбедени од Завршната сметка на Буџетот за 2018 година достапна на веб страницата на Министерството за финансии, на следниот линк:
https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/03/Zavrsna_smetka_2018_0.pdf
[11]Податоците се обезбедени од Завршната сметка на Буџетот за 2019 година достапна на веб страницата на Министерството за финансии, на следниот линк:
Zavrsna-smetka-na-Budget-na-RSM-za-2019-god.pdf (finance.gov.mk)

јавен сервис, сега веќе има и дополнителна причина за загриженост - во 2019 година и во 2020 година ни овие средства не се исплатени во целост.

Од сликата погоре може да се забележи дека во 2019 година, на јавниот сервис му биле префрлени 229,53 милиони денари помалку од предвиденото, а во 2020 година 510,70 милиони денари помалку.

Во ниту една година Владата не образложи на кој начин, доколку се исплатат предвидените средства, со тоа ќе се наруши *“праведната распределба на буџетските средства“* и како тоа ќе влијае врз *“средствата планирани за сите буџетски расходни ставки“* - едноставно на јавниот сервис му се исплатуваа помалку пари, без никакво образложение. И ова е нотирано во Извештајот на Европската комисија за напредокот на РС Македонија за 2020 година: *„Реформата на јавниот радиодифузен сервис е во рана фаза и треба да ѝ се даде приоритет. Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, износот на јавното финансирање на јавниот радиодифузен сервис е дефиниран како процент од државниот буџет, со постепено зголемување со текот на времето (до 0,8% во 2019 година; до 0,9% во 2020 година; 1% од 2021 година) Поради дискреционите права на властите предвидени со законот, трансферот на средства продолжи да се извршува со помал процент (околу 0,6%)“.*

Табела 3: Структура на вкупните приходи на МРТ

| | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | 894.00 | 856.75 |
| Закупнина | 0.30 | 0.30 |
| Приходи од услуги во земјата | 2.07 | 2.07 |
| Приходи од странство (технички услуги, отстапени права) | 0.46 | 0.10 |
| Останати деловни приходи | 17.93 | 24.27 |
| Приходи од наплата на судски спорови | 0.18 | 0.78 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 12.99 | 7.13 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0.75 | 0.79 |
| Донација од АВМУ | 0.00 | 30.00 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој | 0.00 | 90.00 |
| **ВКУПНО:** | **928.68** | **1,012.19** |

И покрај тоа што МРТ може да остварува приходи и од други извори, кои согласно ставот 3 од член 105 може да бидат *„донации, продажба на програма и услуги, како и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски*

*права, во согласност со условите од договорот“*, јасно е дека доминантен извор за финансирање на МРТ треба да бидат средствата од буџетот, а сите останати се само дополнителни извори.

Во 2020 година, позначајни износи МРТ остварила од т.н. останати деловни приходи во кои се опфатени приходите од камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години, приходи остварени по основ на склучени договори во минати години како што е на пример приходот од отстапени права за емитување/реемитување програма надвор од територијата на РС Македонија и слично.

Приходите од рекламирање изнесуваат 7,13 милиони денари, што е само 15,8% од планираното (било планирано од рекламирање да се остварат 45 милиони денари). Како што е наведено во Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на МРТ за 2020 година, ова се должи на тоа што *„поради веќе добро познатата причина (состојбата предизвикана од корона вирусот) во текот на 2020 година беше откажано одржувањето на бројни забавни, културни и особено спортски настани...“.*

Вкупните трошоци на МРТ изнесувале 937,72 милиони денари, а расходите 939,6 милиони денари.

Табела 4: Структура на вкупните трошоци на МРТ

| | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 399.06 | 439.03 |
| Патни и транспортни трошоци | 9.1 | 1.99 |
| Заеднички трошоци | 883.47 | 205.63 |
| Програмски права | 113.56 | 238.43 |
| Останати трошоци од работењето | 50.64 | 52.64 |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ: | 1,455.83 | 937.72 |
| Набавка на опрема | 46.74 | 1.88 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ: | 1,502.57 | 939.6 |

Најголем дел од вкупните трошоци биле трошоци за вработените (439,03 милиони денари), од кои 424,81 милион денари за бруто плати за вработените. Овој вид трошок е зголемен во однос на претходната година, но тоа не се должи на нови вработувања (во 2020 година нема нововработени лица во јавниот сервис), туку се должи на изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ со нето платата на ниво на државата, што беше направено во септември 2020 година, согласно измените во колективниот договор склучен меѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Трошоците за вработените ги опфаќаат и отпремнината исплатена на вработените што заминале во пензија,

исплатениот регрес за годишен одмор и други трошоци (за едукација на вработените, за јубилејни награди, за боледување подолго од шест месеци и слично).

Трошоците за програмски права изнесувале 238,43 милиони денари, а ги опфаќаат трошоците за откуп на права за пренос и емитување спортски настани во висина од 20,57 милиони денари, права за филмови (20,31 милион денари), останати програмски права во висина од 92,32 милиони денари (откуп на права за емитување содржини од разни области и жанрови (детски, едукативни, документарни)) и трошоци за копродукциски проекти во висина од 105,13 милиони денари (за реализација на договори за заедничка соработка за снимање и емитување телевизиски проекти од областа на културата, музиката, образованието, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии и друго.

На крајот на годината МРТ остварила позитивен финансиски резултат – добивка во износ од 74,47 милиони денари (пред оданочување, односно 65,75 милиони денари по оданочување), што се должи на средствата што МИОА ги има префрлено на сметката на МРТ на крајот на анализираната година (90 милиони денари).

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 747 лица и бил најмал во периодот од последните 10 години.

На 31.12.2020 година во јавниот сервис вкупно биле вработени 779 лица, од кои 713 биле во редовен работен однос, а 66 биле хонорарно ангажирани.

# Комерцијални телевизии

# Терестријални телевизии на државно ниво

Петте телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку терестријален предавател (Алфа, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма) заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 967,86 милиони денари.

Ова се најниски приходи во периодот од последните пет години, а во споредба со претходната година намалувањето е за 13,62%.

Слика 10: Движење на заедничките вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Намалувањето на приходите ќе беше уште поголемо без различните видови финансиска помош што ја добија радиодифузерите во 2020 година, а која беше доделена за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19.

Вкупно 68,4 милиони денари изнесуваат донацијата од АВМУ во висина од по 4,36 милиони денари за секоја телевизија[12], финансиската помош од Владата[13] за *„надомест на трошоци кон операторот на дигиталниот терестријлен мултиплекс“* во висина од по 5,6 милиони денари, исто така за секоја телевизија, и субвенциите на придонесите од задолжително социјално осигурување за вработените во медиумите[14] во вкупен износ од 18,59 милиони денари за сите пет телевизии. Покрај овие средства, телевизиите користеа

[12] Одлуката на АВМУ е достапна на:Odluka-za-dodeluvanje-finansiska-pomos-donacija-koronavirus.pdf (avmu.mk)
[13] Уредба со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19 (Службен весник на Репубика Северна Македонија бр.106/20, 139/20 и 140/20)
[14] Уредба со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите (Службен весник на Репубика Северна Македонија бр.156/20)

и помош за исплата на платите на вработените – финансиска поддршка што ја овозможи Владата за работодавачите од приватниот сектор.

Освен Канал 5, која има незначително зголемување на вкупните приходи (за 0,1%), кај останатите четири телевизии вкупните приходи се намалени, а најмногу кај Сител (за 25,05%). Приходите на Алсат-М се пониски за 11,15%, на Алфа за 9,71%, а на Телма за 1,44% отколку во претходната година.

Слика 11: Движење на поединечните вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Највисоки вкупни приходи и оваа година остварила Сител - 360,35 милиони денари. На второто место е Канал 5 со вкупни приходи во износ од 225,95 милиони денари, а на третото Алсат-М со 141,88 милиони денари. Телма и Алфа прикажале речиси исти приходи (119,79 милиони денари, односно 119,89 милиони денари).

Од рекламирање овие пет телевизии заеднички оствариле 821,86 милиони денари, што е најмалку во периодот од последните пет години.

Приходите од реклами се за 16,56% пониски од приходите во 2016 година, за 11,97% од 2017 година, за 16,23% од 2018 година и за 22,64% од приходите од рекламирање во 2019 година.

Ако од вкупните приходи од рекламирање се одземат приходите што во 2020 година овие телевизии ги оствариле од платено политичко рекламирање за предвремените парламентарни избори и за локалните избори во општините Штип и Пласница (вкупно 59,78

милиони денари), тогаш приходите од комерцијално рекламирање изнесуваат само 762,08 милиони денари.

Најмногу приходи од платено политичко рекламирање оствариле Канал 5 (14,93 милиони денари) и Сител (14,76 милиони денари). Алсат-М прикажала 13,71 милион денари, Телма 8,61 милион денари и Алфа 7,77 милиони денари.

Слика 12: Движење на приходите од рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Сите пет телевизии оствариле помалку приходи од рекламирање отколку во претходната година, и тоа Алфа за 16,73%, Алсат-М за 18,54%, Канал 5 за 14,16%, Сител за 28,27%, а Телма за 10,99%.

Приходите од реклами претставуваат 84,91% од вкупните приходи на овие телевизиии и се доминантен извор на приходи кај секоја од нив. Значајно учество во вкупните приходи оваа година имаат т.н. “останати приходи“ поради тоа што во оваа категорија е прикажана финансиската помош за справување со кризата предизвикана од COVID-19.

Слика 13: Приходи од рекламирање (без ппр) на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Сител и Канал 5 оствариле 60% од приходите од рекламирање на овој сегмент од телевизискиот пазар.

Слика 14: Учество на приходите од рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во вкупните приходи од реклами




Сите пет телевизии заедно потрошиле вкупно 1.027,60 милиони денари. За прв пат во последните пет години биле направени повисоки вкупни трошоци од вкупните приходи.

Во споредба со претходната година, заедничките трошоци на овие пет телевизии се пониски за 3,19%.

Слика 15: Вкупни приходи и вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Во секоја од последните пет години највисоки вкупни трошоци прикажала Сител, а во 2020 година тие изнесувале 382,24 милиони денари. Исто како и кај вкупните приходи, на второто место е Канал 5 со вкупни трошоци во износ од 238,05 милиони денари. Телевизија Алсат потрошила вкупно 141,30 милиони денари, Телма 137,27 милиони денари, а најмалку Алфа – 128,74 милиони денари.

Слика 16: Вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години



Повисоки трошоци отколку во 2019 година прикажале Алфа (за 37,76%) и Канал 5 (за 7,07%). Останатите три телевизии ги намалиле трошоците, и тоа Алсат-М за 5,75%, Сител за 15,49%, а Телма за 4,31%.

Во структурата на заедничките трошоци на овие пет телевизии најголемо учество имаат трошоците за набавка на програма во вкупен износ од 376,77 милиони денари, што претставува 36,67% од вкупните трошоци.

Ова се должи на високите трошоци за набавка на програма што ги прикажале Сител (196,35 милиони денари) и Канал 5 (93,67 милиони денари). За набавка на програма Телма издвоила 39,39 милиони денари, Алфа 25,59 милиони денари, а најмалку потрошила Алсат-М (21,77 милиони денари).

Само Сител и Канал 5 најголем дел од своите трошоци ги направиле за набавка на програма, а останатите три телевизии за плати и други надоместоци за вработените (Алфа потрошила 48,77 милиони денари, Алсат-М 68,19 милиони денари, а Телма 53,42 милиони денари). Овој трошок кај Сител изнесувал 79,81 милион денари, а кај Канал 58,75 милиони денари.

Табела 5: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 14.89 | 1.45% |
| Трошоци за набавка на програма | 376.77 | 36.67% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 49.62 | 4.83% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 281.19 | 27.36% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **722.47** | **70.31%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 27.76 | 2.70% |
| Амортизација на опремата | 53.02 | 5.16% |
| Амортизација на права и лиценци | 1.82 | 0.18% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 23.95 | 2.33% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 193.30 | 18.81% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,022.32** | **99.49%** |
| Расходи од други активности | 4.07 | 0.40% |
| Вонредни расходи | 1.21 | 0.12% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,027.60** | **100.00%** |

Во 2020 година, само Алсат-М остварила позитивен финансиски резултат (добивка во износ од 0,53 милиони денари. Останатите четири телевизии годината ја завршиле со негативен финансиски резултат (загубата на Сител изнесувала 21,89 милиони денари, на Канал 5 12,11 милиони денари, на Телма 17,47 милиони денари, а на Алфа 8,85 милиони денари).

Табела 6: Финансиски резулат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | -3.21 | 1.67 | 29.86 | 39.33 | -8.85 |
| ТВ Алсат-М | 4.71 | 5.85 | 5.36 | 8.44 | 0.53 |
| ТВ Канал 5 | 0.89 | 0.86 | 0.28 | 1.5 | -12.11 |
| ТВ Сител | 32.38 | 46.85 | 18.68 | 28.45 | -21.89 |
| ТВ Телма | -20.11 | -18.99 | -21.48 | -21.91 | -17.47 |

Во секоја од последните пет години Алсат-М остварувала добивка,  а Телма загуба. Канал 5 и Сител за прв пат во 2020 година работеле со загуба.

Во 2020 година, просечниот број на вработени во редовен работен однос во овие пет телевизии изнесувал 609 лица. Најголем број од нив биле вработени во Сител (149) и во Канал 5 (138). Во Алсат-М просечниот број на вработени изнесувал 116, во Алфа 106, а во Телма 100 лица.

Слика 17: Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2019 и 2020 година




Во споредба со претходната година, просечниот број на вработени во овие пет телевизии бил зголемен за 40 лица, од кои 23 во Алфа, седум во Сител, шест во Алсат-М и по две лица во Канал 5 и во Телма.

На 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во овие пет телевизии изнесувал 726 лица. Од нив, во редовен работен однос биле 622 лица, а 104 биле со хонорарен ангажман.

Слика 18: Вкупен број на ангажирани лица (во рро и хонорарно ангажирани) на 31.12.2020 година




Според податоците од истражувањата што ги нарачува Агенцијата, најгледана телевизија во 2020 година била Сител, со просечен дневен досег од 52,29% и просечен неделен досег од 67,16%.

Канал 5 била втора најгледана телевизија, со просечен дневен досег од 47,97% и просечен неделен досег од 63,77%.[15] Во 2020 година, гледаноста на петте терестријални телевизии кои емитуваат програма на државно ниво, како и на трите канали на јавниот радиодифузен сервис е во пораст во однос на минатата година.

[15] Просечниот дневен досег претставува однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходниот ден и вкупната популација, а просечниот неделен досег е однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходната недела и вкупната популација

Слика 19: Просечен дневен и неделен досег на терестријалните телевизии на државно ниво



# Телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс

Во 2020 година, на државно ниво преку неограничен ресурс програма емитуваа вкупно шест телевизии, и тоа две преку сателит (24 Вести и Наша ТВ) и четири преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс (Компани 21-М, Шења, Клан и Сонце).

Заеднички тие оствариле вкупни приходи во износ од 140,93 милиони денари. 75,47% од овој износ се приходите на 24 Вести и на Компани 21-М.

Слика 20: Движење на поединечните вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години




Во овие 140,93 милиони денари се вклучени и вкупно 17,92 милиони денари донација од АВМУ, наменета за справување со последиците од коронавирусот COVID-19. На телевизиите што веќе го имаа платено надоместокот за дозволата за 2020 година им беа вратени уплатените средства за 2019 и 2020 година (на 24 Вести - 4,14 милиони денари, на Наша ТВ - 3,49 милиони денари и на Клан - 4,37 милиони денари), а на телевизиите на кои во моментот на донесување на Одлуката на АВМУ не им беше доспеан рокот за плаќање на надоместокот за 2020 година, им беше вратен износот што го уплатиле за надоместокот за 2019 година (на Сонце 1,69 милиони денари, а на Компани 21-М и на Шења по 2,11 милиони денари) и беа ослободени од плаќање на надоместокот за 2020 година.

Пад на вкупните приходи во споредба со претходната година забележале само две телевизии (24 Вести за 0,78% и Шења за 20,91%). Приходите на Наша ТВ се зголемиле за 45,19%, на Компани 21-М за 24,25%, на Клан за 22,22%, а на Сонце за 382,05%.

Слика 21: Структура на поединечните вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2020 година




24 Вести, Компани 21-М, Клан и Шења најголем дел од приходите ги оствариле од рекламирање, а Наша ТВ и Сонце од т.н. „останати приходи“, во кои се пресметани и износите од донацијата од АВМУ.

Приходите од рекламирање што заеднички ги оствариле овие шест телевизии изнесувале 92,59 милиони денари. 24 Вести и Компани 21-М оствариле 82% од овој износ.

Сите шест телевизии прикажале помалку приходи од реклами отколку во претходната година, и тоа 24 Вести за 21,80%, Наша ТВ за 29,51%, Компани 21-М за 8,55%, Шења за 57,38%, Клан за 20,39% и Сонце за 34,62%.

Највисоки приходи од рекламирање остварила 24 Вести (47,41 милион денари). Приходите од рекламирање на Компани 21-М изнесувале 28,46 милиони денари.

Останатите четири телевизии оствариле значајно помалку приходи од нив, и тоа: Клан прикажала 8,16 милиони денари, Шења 5,80 милиони денари, Наша ТВ 2,58 милиони денари, а Сонце само 0,17 милиони денари.

Слика 22: Учество во приходите од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс




Вкупните приходи од реклами на овие шест телевизии (во износ од 92,59 милиони денари), во себе ги вклучуваат и приходите од емитување платено политичко рекламирање (во вкупен износ од 29,07 милиони денари. Наша ТВ и Сонце воопшто не емитувале платено политичко рекламирање.

Слика 23: Приходи од реклами без ппр на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години




Од четирите телевизии што емитувале платено политичко рекламирање, највисоки приходи по овој основ прикажала Компани 21-М (13,32 милиони денари). Телевизија Клан остварила 7,69 милиони денари, а 24 Вести 6,22 милиони денари. Најмалку приходи по овој основ прикажала Шења (1,83 милиони денари).

Овие шест телевизии во анализираната година потрошиле вкупно 189,89 милиони денари. Трошоците на 24 Вести, во износ од 67,90 милиони денари и трошоците на Компани 21-М, во износ од 58,91 милион денари претставуваат 66,78% од вкупните трошоци на овие шест телевизии.

Наша ТВ и Клан потрошиле повеќе средства отколку во претходната година (Наша ТВ за 130,95%, а Клан за 3,54%). Останатите четири телевизии ги намалиле трошоците.

Слика 24: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години




Најголем дел од средствата биле потрошени за плати и други надоместоци на вработените - вкупно 88,25 милиони денари, од кои 73,77 милиони денари за лицата директно поврзани со производство на програма. 24 Вести за плати и други надоместоци за вработените потрошила 39,89 милиони денари, Компани 21-М 21,11 милиони денари, а Клан 14,82 милиони денари. Телевизија Шења за овој вид трошок издвоила 7,05 милиони денари, а Сонце 4,37 милиони денари. Забележително помалку средства од останатите телевизии потрошила Наша ТВ (само 1,01 милион денари).

За набавка на програма овие телевизии заеднички потрошиле 13,69 милиони денари. Речиси половина од овој износ (6,99 милиони денари) се трошоците на 24 Вести. Позначајни суми издвоиле Компани 21-М (2,22 милиони денари), Клан (1,88 милиони

денари) и Сонце (1,74 милиони денари). Наша ТВ во 2020 година воопшто не издвоила средства за набавка на програма.

Табела 7: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 6.11 | 3.22% |
| Трошоци за набавка на програма | 13.69 | 7.21% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 18.58 | 9.79% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 73.77 | 38.85% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **112.15** | **59.06%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 14.48 | 7.63% |
| Амортизација на опремата | 17.82 | 9.38% |
| Амортизација на права и лиценци | 1.47 | 0.78% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 7.96 | 4.19% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 35.77 | 18.84% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **189.65** | **99.87%** |
| Расходи од други активности | 0.20 | 0.10% |
| Вонредни расходи | 0.05 | 0.03% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **189.89** | **100.00%** |

Сите шест телевизии оствариле негативен финансиски резултат. Најголема била загубата на Компани 21-М (18,9 милиони денари).

Во последните пет години 24 Вести, Компани 21-М и Сонце во континуитет работеле во загуба. Наша ТВ остварила добивка само во 2016 година, Шења само во 2019 година, а Клан само во 2018 година.

Табела 8: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | -9.61 | -20.82 | -2.44 | -8.54 | -1.55 |
| ТВ Наша ТВ | 6.87 | -7.25 | -11.44 | -0.12 | -5.80 |
| ТВ Компани 21-М | -53.36 | -60.40 | -45.06 | -31.74 | -18.90 |
| ТВ Шења | -5.76 | -11.44 | -2.68 | 1.61 | -0.97 |
| ТВ Клан | - | -3.33 | 0.66 | -11.52 | -10.01 |
| ТВ Сонце | -17.50 | -18.32 | -19.57 | -15.38 | -11.75 |

Во 2020 година, просечниот број на вработени во редовен работен однос во овие шест телевизии изнесувал 224 лица, што во споредба со претходната година е намалување за 30 лица.

Најголем дел од овие лица биле вработени во 24 Вести (вкупно 97). Во Компани 21-М просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 45 лица, во Шења 35, во Клан 28 лица, а во Сонце 18 лица. Во редовен работен однос во Наша ТВ било вработено само едно лице.

Слика 25: Просечен број на вработени во редовен работен однос во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2019 и 2020 година




Во 2020 година, само кај Клан се зголемил просечниот број на вработени во редовен работен однос, и тоа за само едно лице. Кај 24 Вести се намалил за три лица, кај Шења за пет лица, кај Компани 21-М за 23 лица, а кај Наша ТВ и Сонце останал непроменет.

На 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во овие шест телевизии изнесувал 335 лица. Од нив, во редовен работен однос биле 236 лица, додека пак бројот на хонорарно ангажирани бил 99.

Слика 26: Вкупен број на ангажирани лица (во рро и хонорарно ангажирани) на 31.12.2020 година




Трите показатели за гледаноста на 24 Вести биле повеќекратно повисоки отколку на Наша ТВ. Просечниот дневен досег на 24 Вести изнесувал 14,67%, просечниот неделен досег 24,52%, а уделот[16] во вкупната гледаност бил 4,64%.

Слика 27: Просечен дневен и неделен досег на сателитските телевизии




Слика 28: Удел во вкупната гледаност на сателитските телевизии




[16] Уделот во вкупната гледаност е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одреден ТВ канал во било кој период од претходниот ден и вкупно наведените ТВ канали што ги гледале испитаниците во претходниот ден од територијата на РС Македонија.

Од телевизиите што емитуваат на државно ниво преку кабел, најгледана телевизија била Компани 21-М, со просечен дневен досег од 2,53%, просечен неделен досег од 4,75% и удел во вкупната гледаност од 0,79%.

Слика 29: Просечен дневен и неделен досег на телевизиите на државно ниво преку кабел




Слика 30: Удел во вкупната гледаност на телевизиите на државно ниво преку кабел



# Телевизии на регионално ниво

На почетокот на 2020 година, вкупно 19 телевизии емитуваа програма на регионално ниво. Во јануари овој број се намали за две - телевизија Сител 2, којашто емитуваше програма во регионот Д2-Страцин престана да ја врши дејноста, со што нејзината дозвола престана да важи по сила на закон, а беше одземена доволата на Кисс, која емитуваше програма во радиодифузниот регион Д8–Попова Шапка. Во август 2020 година беше доделена нова дозвола за емитување телевизиска програма на телевизија М Нет-ХД од Штип, за подрачјето на регионот Д3-Туртел. На крајот од годината бројот на регионални телевизии изнесуваше 18.

Од овие 18 регионални телевизии, шест емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс (Едо, Ера, МТМ и Шутел – сите четири од скопскиот регион, КТВ од регионот Д1-Црн Врв/Велес и Коха од регионот Д8–Попова Шапка). Останатите 12 емитуваат преку неограничен ресурс, односно преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа со кој имаат договор за емитување.

Во анализираната година тие заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 83,65 милиони денари.

Слика 31: Вкупни приходи на регионалните телевизии во последните пет години




Вкупните приходи на регионалните телевизии се за 5,45% повисоки отколку во 2019 година, и за 8,61% повисоки отколку вкупните приходи во 2018 година. Зголемувањето се должи на разните видови финансиска помош што поради пандемијата со COVID-19 им беа доделени на телевизиите. Ако се одземат само донацијата од АВМУ во висина од 10,21 милион денари за сите регионални телевизии заедно и финансиската помош од Владата за *„надомест на трошоци кон операторот на дигиталниот терестријален мултиплекс“*

за шесте терестријални телевизии во висина од околу 3,7 милиони денари, вкупните приходи бележат намалување.

Табела 9: Вкупни приходи на регионалните телевизии во последните пет години

| Радиодифузен регион | ТВ | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1- Црн Врв/Скопје | Сити | 2.42 | 2.51 | 3.03 | 3.17 | 4.46 |
| | Едо | 4.00 | 2.64 | 2.40 | 2.88 | 3.97 |
| | Ера | 12.97 | 14.18 | 15.76 | 10.37 | 10.54 |
| | МТМ | 6.53 | 7.96 | 7.05 | 4.95 | 6.08 |
| | Шутел | 5.68 | 3.48 | 2.88 | 3.41 | 4.26 |
| Д1- Црн Врв/Велес | КТВ | 3.30 | 3.09 | 2.31 | 3.76 | 2.08 |
| Д3-Туртел | Ирис | 4.91 | 3.72 | 3.75 | 2.28 | 2.23 |
| | Стар | 8.56 | 8.40 | 6.44 | 8.06 | 8.36 |
| | М Нет-ХД | | | | | 0.32 |
| Д4-Боскија | Канал Вис | 10.37 | 4.10 | 4.87 | 8.21 | 9.98 |
| | Кобра | 3.79 | 3.23 | 3.00 | 2.58 | 1.77 |
| Д5-Пелистер | Тера | 9.70 | 7.83 | 7.04 | 11.57 | 9.58 |
| Д6-Мали Влај | ТВ М | 4.99 | 3.56 | 5.14 | 6.84 | 5.01 |
| Д7-Стогово | Телевизија 3 | | | 0.02 | 0.49 | 0.36 |
| Д8-Попова Шапка | Коха | 8.04 | 7.31 | 6.15 | 7.79 | 8.38 |
| | Полог | 0.16 | 0.49 | 0.70 | 1.82 | 1.28 |
| | Топестрада | | 0.90 | 1.07 | 1.01 | 2.53 |
| | К&М | | | | 0.14 | 2.48 |

Повисоки приходи од претходната година прикажале вкупно десет телевизии: Сити, Едо, МТМ, Ера, Шутел, Стар, Канал Вис, Коха, Топестарада и К&М, а останатите седум ги намалиле приходите.

Слика 32: Приходи од рекламирање на регионалните телевизии во 2020 година



Од рекламирање овие 18 телевизии заеднички оствариле вкупно 56,41 милион денари. Најмногу приходи биле остварени во скопскиот регион – вкупно 17,01 милион денари, во регионот Д8-Попова Шапка – вкупно 11,71 милион денари и во регионот Д3-Туртел – вкупно 10,07 милини денари.

Поединечно, најмногу приходи од реклами оствариле телевизија Ера од Скопје – 8,64 милиони денари, Коха од Тетово – 8,00 милиони денари и Стар од Штип – 7,79 милиони денари.

Табела 10: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии по радиодифузни региони

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 17.01 | 1.71 | / | 10.07 | 6.84 | 4.92 | 3.83 | 0.31 | 11.71 |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00 | / | 0.20 | 0.21 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Продажба на содржини | 0.10 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 1.37 | 0.00 | 0.00 | 0.03 |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 1.99 | 0.00 | 0.00 | 0.09 |
| Останати приходи | 10.33 | 0.37 | / | 0.55 | 4.70 | 1.01 | 1.18 | 0.05 | 2.84 |
| **Приходи од основна дејност** | **27.44** | **2.08** | **/** | **10.82** | **11.75** | **9.29** | **5.01** | **0.36** | **14.67** |
| Приходи од други дејности | 0.03 | 0.00 | / | 0.07 | 0.00 | 0.30 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вонредни приходи | 1.82 | 0.00 | / | 0.01 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно приходи** | **29.30** | **2.08** | **/** | **10.91** | **11.75** | **9.58** | **5.01** | **0.36** | **14.67** |

Вкупните трошоци на регионалните телевизии изнесувале 84,89 милиони денари. Најголем дел од овие трошоци (78,74%) биле направени во четири радиодифузни региони: Д1-Скопје (29,55 милиони денари), Д3-Туртел (11,27 милиони денари), Д4-Боскија (11,88 милиони денари) и Д8-Попова Шапка (14,14 милиони денари).

Најмногу средства потрошиле Ера од Скопје (10,95 милиони денари) и Канал Вис од Струмица (9,94 милиони денари), а најмалку Полог од Тетово (0,27 милиони денари) и М Нет-ХД од Штип (0,49 милиони денари).

Слика 33: Трошоци на регионалните телевизии во 2020 година




Во сите радиодифузни региони, најголем удел во вкупните трошоци имале директните трошоци за создавање програма (55,44% во регионот Д1 – Скопје, 94,80% во Д1 – Велес, 86,85% во Д3, 47,30% во Д4, 80,54% во Д5, 49,35% во Д6, 91,64% во Д7 и 63,32% во регионот Д8).

Речиси половина од вкупните трошоци (48,53%) биле за плати и други надоместоци за вработените (41,20 милиони денари), а поединечно овој трошок бил највисок кај телевизија Стар од Штип (6,11 милиони денари) и кај Ера (4,04 милиони денари).

Табела 11: Структура на вкупните трошоци на регионалните телевизии по радиодифузни региони

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 1.14 | 0.22 | / | 0.26 | 0.81 | 0.79 | 1.18 | 0.00 | 1.48 |
| Трошоци за набавка на програма | 0.49 | 0.00 | / | 1.00 | 0.15 | 1.38 | 0.22 | 0.00 | 0.10 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.38 | 0.61 | / | 0.38 | 0.00 | 0.61 | 0.32 | 0.02 | 1.33 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 12.38 | 1.69 | / | 8.01 | 4.66 | 3.67 | 0.73 | 2.17 | 6.05 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **16.38** | **2.53** | **/** | **9.65** | **5.62** | **6.46** | **2.45** | **2.19** | **8.96** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.46 | 0.00 | / | 0.03 | 0.00 | 0.21 | 1.10 | 0.00 | 0.04 |
| Амортизација на опремата | 1.95 | 0.03 | / | 0.31 | 1.02 | 0.86 | 0.57 | 0.00 | 3.71 |
| Амортизација на права и лиценци | 1.18 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
